ЗЕМЈОДЕЛСКИ
ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
## ПОМЕЃУ
## УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ
## И
## ЗДРУЖЕНИЕ „ТИКВЕШКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ“- КАВАДАРЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 0307-223/1
10.01. 2024 год.
СКОПЈЕ

## ПРЕАМБУЛА

Овој Меморандум за соработка (МС) се склучува помеѓу: **Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт** - Скопје, претставуван од директорот проф. д-р Виктор Ѓамовски и **Здружение „Тиквешки семејни винарии“**- Кавадарци, претставуван од претседателот Горан Јаковлевски. Со овој Меморандум се утврдуваат формата и начинот на соработка меѓу договорните страни и истиот претставува основа за меѓусебно разбирање, доверба и координација. Целта на меморандумот е унапредување на лозарството и винарството во С. Македонија.

**Земјоделскиот институт – Скопје** е научно истражувачка и високообразовна установа, која како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје врши научно истражувачка, високообразовна дејност од втор циклус на студии и апликативна високостручна дејност во научното поле на биотехничките науки од областа на земјоделството и руралниот развој (лозарство, винарство, поледелство, овоштарство, градинарство, заштита на растенија, педологија, агробизнис, економија и рурален развој во согласност со заштитата на животната средина и природните ресурси, зачувување на биодиверзитетот и адаптација на климатските промени).

**Здружението „Тиквешки семејни винарии“** – Кавадарци е здружение кое е формирано со слободно здружување на граѓани заради остварување на заеднички цели како што се поттикнување, развивање и унапредување на винарството, лозарството, производството на вино, ракија, маџун, негување на автохтоните сорти грозје, следење на развојот на винарството кај нас и во светот, воспоставување, организирање и афирмирање соработка, учества на саеми, семинари, фестивали, дегустации и оценување на вина во замјава и странство, од интерес на македонското лозарство и винарство, со сродни меѓународни организации, здруженија и поединци, како и промовирање на малите семејни винарии.

## I ЦЕЛ

Соработката помеѓу **Земјоделски институт - Скопје** и Здружението **„Тиквешки семејни винарии"** има за цел подобрување на меѓусебната соработка и заедничко делување за развој и унапредување на едукацијата, модернизацијата, осовременувањето и адаптацијата на земјоделството и руралниот развој, истражувањето и трансферот на научното, теоретското и практичното знаење во областа на земјоделството и руралниот развој, со посебен фокус на лозарството и винарството, што ќе придонесе кон одржлив развој на земјоделската и руралната економија во земјава.

## II ОБЕМ

**Земјоделски институт - Скопје** и Здружението **„Тиквешки семејни винарии"**- Кавадарци се согласни предметот на соработка да го реализираат во следните области од доменот на надлежноста на двете страни:

- Воспоставување на соработка и вмрежување со партнерски институции, организации и поединци во земјата и странство;
- Континуирана и навремена размена на информации од областа на земјоделството и руралниот развој, особено од областите лозарство и винарство;
- Координиран пристап и взаемна поддршка при реализација на заеднички активности;
- Координиран настап и взаемна поддршка пред релевантни ентитети во земјоделскиот сектор;
- Поврзување со други релевантни субјекти, државни органи и организации, локална самоуправа,научни и стручни институции и организации, медиуми, невладини организации заради реализација на заеднички проекти;
- Заедничко вклучување во процесот на креирање на мерки и политики од заеднички интерес;
- Взаемно учество и изработка на заеднички проекти со домашни и странски партнери во областа на земјоделството и руралниот развој, со посебен фокус на лозарството и винарството;
- Соработка во организирање и реализација на семинари, обуки и работилници за едукација, континуирано образование, усовршување, преквалификација и доквалификација на претставници од двете договорни страни и други заинтересирани субјекти;
- Унапредување и промовирање на можности за развој и усовршување на земјоделското производство, со посебен акцент на лозарството и винарството;
- Обезбедување деловно-стручни услуги за потребите на двете страни за нивниот развој

и работа и давање стручна помош во развојот на одделни дејности, како и усвојување и трансфер на современи технологии и методи на работење;

- Поттикнување на истражување, развој и иновативност на достигнувањата во земјоделското производство, унапредување на квалитетотистандарди на услугите;
- Взаемни активности во насока на ефикасна примена на позитивната законска и подзаконска регулатива, како и заедничко креирање на мислења кои се најсоодветни за развој на земјоделството и руралниот развој;
- Учество на претставници од двете страни на саеми, манифестации, конгреси, конференции, форуми за презентација на практичните и теоретските достигнувања во организација на некоја од страните;
- Взаемна поддршка и во други активности врз основа на конкретни потреби.

## III ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Двете договорни страни се обврзуваат за своите потреби да преземаат комплетни активности за промоција, организација и спроведување на постапки и механизми за остварување на целите на овој Меморандум.

За таа цел, двете договорни страни ќе го преземат следното:

- Конкретизација на меѓусебните односи со детално одредени права, обврски, одговорности и финансиски импликации;
- Истражување на можности и давање предлози за можни правци на развој на соработката;
- Пронаоѓање фондови за реализација на заедничките проекти;
- Воспоставување контакти заради олеснување на реализација на планираните проекти;
- Утврдување механизми, инструменти и постапки потребни за отпочнување и реализација на проекти;
- Подготовка на документи за реализација на проекти под услови и начин утврдени во посебен договор согласно позитивните законски прописи;
- Претставување пред домашни и странски финансиски институции, како и потенцијални инвеститори, донатори и/или кредитодаватели;
- Меѓусебно информирање за активностите заради размена на информации, со цел поефикасна и поефективна реализација на активностите.

## IV ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ И ДЕЛОВНА ТАЈНА

Во смисла на овој Меморандум како „Доверлива информација" ќе се смета секоја информација од финансиска, деловна, техничка, комерцијална природа, како и информација

од оперативна и развојна природа, и сите останати информации вклучувајќи, но не ограничувајќи се на спецификации, анализи, податоци, дизајн, трговска тајна, информација поврзана сопроизводи, знаење, софтвер, апликации, системи и програми ил иинформации, кои во нормалниот тек на работењето би се сметале за доверливи информации, а кои се било директно или индиректно ставени на располагање на договорните страни.

Договорните страни се согласни и должни да ја штитат и чуваат секоја доверлива информација како класифицирана информација и да не ја откриваат на било к ојначин на било кое лице, корпорација или субјект, делумно или во целост или да ја користат за било која друга намена.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни и се склучува на неопределено време.

Измени и дополнувања на овој меморандум можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни со склучување на Анекс, потпишан од овластени претставници на двете страни.

Двете договорни страни се согласни дека измените, дополнувањата и известувањата за овој Меморандум, ќе се вршат во писмена форма.

Овој Меморандум е направен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по два за секоја од договорните страни.

**Потписници:**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделски институт – Скопје**
**Директор**

Проф. д-р Виктор Гамовски

Здружение „Тиквешки семејни винарии"- Кавадарци
Претседател

Горан Јаковлевски

*Потпишано во **Кавадарци**, на ден: **30.04.2024** год.*